# 45. СЕ РАСПЛАКАЛ СТАР БЕЛ ДЕДО




Се расплакал стар бел дедо /2
што остарел и побелел. /2

Што остарел и побелел /2
не бил веќе за љубење. /2

Го догледа баба Неда, /2
и на дедо му продума,
молчи дедо не ми плачи.

Молчи дедо не ми плачи /2
нели бевме ние млади
се љубевме се криевме.

Се насмејал стар бел дедо /2
си прегрнал баба Неда
си целувнал баба Неда.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995